## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 април 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Марика Јорданова, Илија Пранговски и Томислав Стојановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Минуваме на точката 23 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател на Одборот зааделување на наградата "Гоце Делчев".

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Процедурално госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Жалам што вие не бевте во можност вчера да ја водите седницата, верувам дека потпретседателот господинот Илјаз Халими тоа не го забележа, инаку, се разбира, би реагирал и сметам дека треба да се реагира. Сакам најостро да протестирам против минатата случка што се случи на крајот од седницата вчера, пред се најблаго да се изразам за непријатното и недолично однесување на министерот за образование господинот Ненад Новковски кој грубо реагираше од место во врска со одлуката на Собранието да ги помести точките од 15-та до некаде 33-та точка на која реагираше Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, се разбира почитувајќи го барањето на премиерот упатено до претседателот на Собранието од 28 март 2002 година, го имам тука барањето во кое премиерот бара и замолува, велам замолува Собранието да работи, доколку е можно, овие точки имаат значајно влијание врз започнатите преговори со Светската трговска организација и покрај тоа што се утврдени на дневен ред да бидат поместени напред.

Ова Собрание имало и до сега пракса, министерот за економија тоа го бараше на 7 март така што апсолутно не баравме ништо што не е во согласност со нашите деловнички барања во ова Собрание. За жал, интервенцијата на министерот беше многу непријатна за сите нас што седиме напред кој прво од место се осуди да рече тоа е безобразие.

Второ, дојде овде и рече кој овде командува, му недостасуваше палка, верувам дека тоа нема да биде настрана од неговото однесување, јас навистина се воздржувам да го коментирам тоа. Имав можност тоа до сега да го направам, меѓутоа сакам најостро да протестирам не само за министерот, туку и за вработениот во неговото министерство, ова веќе претставува посериозна работа, бидејќи до сега, верувајте, вие сте долго во Собранието, а скоро колку вас сум и јас, можеби добри десетина години, не се случило, ќе повторам, не се случило ниту во тој стар систем ниту сега на пратеник да му се каже како не ви е срам што интервенира. Тоа имав можност да го слушнам од госпоѓа Колевска која седи овде во Собранието. Сакам најостро да протестирам, меѓутоа и да барам од вас претседателе да не заштитите нас пратениците од вакви интервенции, се разбира Законот е на наша страна, постои Закон за државни службеници, јас ќе го искористам моето право како пратеник таму или до Владата, бидејќи не знам за кој функционер се работи во Министерството да интервенирам, меѓутоа, да ве замолам во иднина вакви работи да не се случуваат од причина што ние како пратеници сме платени да работиме во согласност со Деловникот и нашите барања се првенствени во ова Собрание, а министрите имаат други обврски и треба да ги почитуваат пред се заради тоа што се избрани од ова Собрание. Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е во рамките на Стотата седница.

Тоа е процедурално.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Пријавен е господинот Александар Талевски, но се откажува.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници од кои 66 за, 10 воздржано и два

против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претседател на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Седницата заврши со работа во 13,20 часот.